ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-244/7**

**Дата: 29.03.2018**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (630), за 2016 година.

За финансиските извештаи за 2016 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија за 2012 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (630), во кој е изразено позитивно мислење за финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2012 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар, е извршена во март 2015 година при што е констатирано дека за истите во најголем број се преземени активности.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Центар, сметка на основен буџет (630), за 2016 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- и покрај донесениот ребаланс на Буџетот постои отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи, пред се кај приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила и приходи од закупнина на општински имот;
- во 2016 година Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар не вршело уплата на комунална такса за користење на

простор за паркирање на моторни возила на територијата на општината, поради што приходите на општината се остварени во помал износ и
- извршен е отпис на побарувања во земјата, без да биде донесена Одлука од Советот на општината.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:

- извештаите од градот Скопје, врз основа на кои општините ги евидентираат побарувањата по основ на данок на промет и комунална такса за фирмарина, не содржат комплетна документација за сомнителните и спорни побарувања и преземените мерки за нивна наплата;
- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Од страна на одговорното лице на Општина Центар, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, по кои е одлучено дека забелешката на точка 4.2.4. не се прифаќа, а забелешката на точка 4.3.1. делумно се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 и 15 и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (630), за 2016 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2012 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (630) во кој е изразено позитивно мислење за финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Андреј Жерновски, градоначалник на Општина Центар, од 04.04.2013 година до 24.10.2017 година;
- Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар, од 25.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.09. до 21.12.2017 година, кај Општина Центар, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Општина Центар е извршена во 2015 година, при што е констатирано дека е постигнат значителен напредок во имплементација на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 12.01.2018 година.

На ден 12.03.2018 година, од страна на одговорното лице на Општина Центар, примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 12-244/6 од 12.03.2018 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешката на точка 4.2.4. не се прифаќа, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот, а забелешката на точка 4.3.1. делумно се прифаќа во делот на износот каде е настаната техничка грешка наместо 1.378 илјади денари во конечниот извештај стои 856 илјади денари.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

**Констатирани се следните состојби:**

## 4.1. Внатрешни контроли

### Процес на буџетирање

4.1.1. При оценка на системот на контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените внатрешни контроли функционираат на начин што обезбедуваат навремено донесување на Буџетот на Општина Центар, но присутен е ризик од нереално планирање, а како последица на тоа и неостварување на планираните приходи и расходи. Ова се должи на следното:

- постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- при планирање на буџетот не се земени во предвид реалните состојби и можности на општината и историските податоци за остварувањата на приходите и расходите во претходните години;
- во процесот на изготвување на буџетот се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии за делот на приходите по основ на блок дотации;
- од страна на Советот на Општината донесен е буџетски календар со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет и дефинирани се носителите на конкретна активност;
- се почитуваат роковите утврдени со буџетскиот календар и буџетот е донесен во законски предвидениот рок.

Поради изнесеното констатиравме дека постојат ризици во процесот на буџетирање, кои придонесуваат за значително отстапување на планираните со реализираните приходи и расходи.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Центар со Буџетот за 2016 година има планирано приходи и расходи во износ од 773.165 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 458.303 илјади денари и расходи во износ од 513.683 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 59,27%, а расходите со 66,44%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот.
Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните произлегува од приходите од надоместокот за уредување на градежното земјиште (остварени се со 67,2%), комунална такса за користење на просторот за паркирање

на моторни возила (остварени се со 1,13%), приходи од закупнина на општински имот (остварени се со 33,77%).

Најзначително е отстапувањето во делот на капиталните дотации во износ од 246.965 илјади денари од Буџетот на РМ кои претставуваат 31,94% од вкупните приходи од буџетот на општината. Општината проектирала приходи кои се однесуваат на салдото на сметката кое потекнува од минати години по основ на трансферирани средства за намена изградба на споменици, спомен обележја, постаменти за споменици, склуптури и фонтани, за што општината не отворила посебна наменска сметка и истите се трансферирани на сметка на буџетот на општината. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Одлуките за трансферирање на средства.

И по извршениот ребаланс на буџетот за 2016 година не се надминуваат состојбите на неусоогласеност на планираните и реализирани приходи. Нереалното планирање на буџетот е карактеристика и во донесените Програми за одделни дејности кои се во надлежност на општината, а кои и покрај неостварувањето на буџетот не се менуваат и не се намалува обемот на утврдените плански активности/работи, кое од друга страна му овозможува на градоначалникот да спроведува постапки за јавни набавки и да презема обврски иако нема реална можност од обезбедување на средства .

**Препораки:**

- одделението за буџетска координација планирањето на буџетските приходи и расходи, при изготвувањето на буџетот, да го темели на реалните состојби и можност и на основа податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување;
- градоначалникот да предлага на советот на општината измени и дополнување на буџетот, во случај на отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи и
- при неостварување на планираниот буџет надлежните служби да пристапат кон измена на буџетските програми.

4.2.2. Општина Центар не води регистар за недвижен имот, обврска од Законот за даноците на имот, согласно кој администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот, како база на податоци кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите, вредноста на имотот, даночните стапки и решенија за платен данок.

Регистарот за недвижен имот со сите соодветни податоци го води градот Скопје, а Општина Центар ја користи можноста за увид во регистарот на податоците за даночни обврзници на нејзина територија што го води градот Скопје, за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската.

Во функција на ажурирање на регистарот на недвижен имот во 2010 година склучена е Спогодба помеѓу Град Скопје и општините во Град Скопје согласно која

општините се задолжени да ги информираат граѓаните за начинот и постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување, помош на обврзниците во пополнувањето на даночната пријава за непријавениот имот како и да ги информираат за висината на законски пропишаните казни во случај доколку не поднесат даночна пријава за постојниот имот. Со оглед на тоа дека општините се должни да иницираат активности со увид на терен во врска со ажурирањето на регистарот на недвижен имот, ревизијата не се увери дека Општина Центар постапува по склучената спогодба. Општината досега не иницирала активности во соработка со градот Скопје во врска со ажурирањето на регистарот на недвижен имот.

**Препорака:**
Општина Центар да се вклучи во активностите околу ажурирањето на регистарот на обврзници по основ на данок на имот, во однос на опфатот и вредноста на даночните обврски.

4.2.3. Во 2016 година Општина Центар остварила помал износ на приходи од комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на територијата на општината, бидејќи Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје, кое стопанисува со паркинзите во општината, не вршело уплата на комуналната такса на сметката на Буџетот на општината. Тоа не е во согласност со одредбите од членот 20 од Законот за комуналните такси и тарифниот број 8 од Тарифата за комунални такси, каде е утврдено дека правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг просторот врши наплата на таксата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата. Непостапувањето согласно законските одредби има влијание на висината на сопствените приходи кои ги остварува општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности надлежните од ЈП “Паркинзи“ на Општина Центар, согласно Законот за комунални такси да вршат редовна уплата на комуналната такса за паркирање на моторни возила на територијата на Општина Центар, на соодветната уплатна сметка на општината.

4.2.4. Општина Центар нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Наведеното има за ефект неусогласеност со законската регулатива како и нетранспарентност во однос на

наменското користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Во текот на ревизијата надлежните од општината до Министерството за транспорт и врски имаат доставено извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, поради тоа ревизијата не дава препорака.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Со извршениот увид во аналитичката евиденција и старосната структура на побарувањата на ден 31.12.2016 година, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- во сметководствена евиденција Општина Центар има искажано побарувања во вкупен износ од 178.282 илјади денари, од кои за 2.625 илјади денари е констатирано дека наплатата е неизвесна бидејќи немаат соодветна поткрепувачка документација (договори, фактури). Имајќи во предвид дека овие побарувањата потекнуваат од минати години (2007-2012 година), а не се преземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата, истите согласно член 360 од Законот за облигациони односи, според кој општиот рок на застареност е 5 години, се застарени и не постои можност за нивна наплата. За дел од овие побарувањата не е утврден ниту правниот основ за нивното постоење;
- за сомнителните и спорни побарувања не е извршено вредносно усогласување, од каде може да се согледа за кои побарувања е поведена судска постапка, дали во сомнителните и спорните побарувања се наоѓаат и побарувања од купувачите кои се во постапка на стечај или ликвидација, како и дали во сметководствената евиденција има побарувања кои не може да се наплатат;
- за сомнителните и спорни побарувања по основ на данок на имот за физички и правни лица и побарувањата по основ на комунална такса за фирмарина за чие администрирање е надлежен Град Скопје, доставен е Извештај од градот со кој општината добива податоци за ненаплатените побарувања со состојба од 01.01. до 31.12.2016 година, но нема извршено вредносно усогласување на сомнителните и спорни побарувања во вкупен износ од 40.212 илјади денари;
- извршен е отпис на побарувања од купувачи во земјата во вкупен износ од 855 илјади денари во деловните книги на буџетскиот корисник, без да биде донесена Одлука од Советот на општината и да се обезбедат веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи.

Ваквиот начин на постапување и искажување на побарувањата кое не е во согласност со одредбите од член 7 и 12 од Законот за сметководство на буџетите и

буџетските корисници и член 36 став 10 од Законот за локална самоуправа, придонесуваат побарувањата во финансиските извештаи да не се реално прикажани.

**Препорака:**
Одговорните лица во Општина Центар да преземат мерки и активности за реално прикажување и соодветно евидентирање на податоците во деловните книги врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, а се однесуваат на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината, недоставен извештај до Министерството за транспорт и врски за наменското користење на средствата од надоместокот за легализирање на бесправно изградените објекти, не пренесување на средствата од јавните претпријатија по основ на комунална такса за паркирање, извршен отпис на побарувања без одлука на Советот на општината.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар за 2016 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Центар е тужена странка во судски спорови со 26 (дваесет и шест) субјекти од кој 12 (дванаесет) правни лица за долг од

248.531 илјади денари, 14 (четиринаесет) физички лица за долг од 148.545 илјади денари и од 1 (едно) физички лица е без утврден износ на долгот.
Општина Центар се јавува како тужител на 19 (деветнаесет) субјекти од кој 11 (единаест) правни лица за долг од 46.818 илјади денари, 6 (шест) физички лица за долг од 297 илјади денари, 2 (две) физички лица без утврден износ на долгот.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

### Извештаи од Град Скопје за данок на имот и комунална такса

7.1. Во изминатиот период, Град Скопје доставува извештај со преглед на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирмарина за општините во градот, меѓу кои и Општина Центар, со состојба на 31 декември тековната година.
Во извештаите е наведено дека податоците за прегледот на побарувања по основ на данок на имот се преземени од софтверската апликација за даноци во Град Скопје. Од страна на Секторот за финансиски прашања во градот се преземени мерки за наплата на приходите по овој основ и во текот на годината се доставени решенија за забрана за користење на средства во деловните банки за физички и правни лица за претходна година или период, како и доставени опомени до физички и правни лица (пример, во извештајот за 2016, решенија за забрана за користење на средства во деловните банки за физички и правни лица за 2014 и 2015 година и опомени за физички лица за 2015 година).
Во извештајот за 2016 година, (во претходните два извештаи нема дадено податоци за сомнителни и спорни побарувања) е наведено дека согласно сметководствената евиденција на Град Скопје во износот на вкупните побарувања се вклучени и сомнителните и спорни побарувања искажани во вкупен износ од 40.212 илјади денари, кои особено се карактеристични и се на поголем износ кај побарувањата по основ на комунална такса за фирмарина, во износ од 31.860 илјади денари, кои процентуално изнесуваат 85,35% од вкупните побарувања по овој основ со 31.12.2016 година, додека пак сомнителните и спорни побарувања по основ на данок на имот од физички лица изнесува 3.645 илјади денари во процент од 7,73%, и сомнителни и спорни побарувања по основ на данок на имот од правни лица изнесува 4.707 илјади денари во процент од 15,13%.
Во врска со комуналната такса за фирмарина во извештајот од Град Скопје е наведено дека овие побарувања се утврдени врз основа на распределба на средствата од заедничкиот фонд утврдена со Правилникот за методологија за распределба на средства од заедничкиот фонд на Град Скопје и општините во Град Скопје, врз основа на бројот на жители на општината според последниот извршен попис на население од Државниот завод за статистика и дека Секторот за

финансиски прашања на Град Скопје презел мерки за наплата на приходите со тоа што за побарувањата заклучно со 2015 година се доставени решенија за забрана на користење на средства во деловните банки.
Ваквиот начин на работење може да влијае на комплетноста и точноста на побарувањата и остварените приходи по основ на данок на имот и комунална такса од фирмарина во општините на Град Скопје, меѓу кои и Општина Центар, кои се евидентираат само врз основа на податоци во извештаите добиени од Град Скопје.
Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно градот Скопје да доставува детални извештаи за сомнителните и спорни побарувања.

**Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата**

7.2. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.3. По основ на комунална такса за улично осветлување, Општина Центар, Град Скопје како и останатите единици на локалната самоуправа во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:
- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

Во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци. За надминување на оваа состојба од страна на ЕВН Македонија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.

И покрај склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи.
Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои градот и општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за реалноста на истиот. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот**

7.4. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и градот Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.
Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).
За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатабилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

**Општина Центар - Сметка на основен Буџет (630)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 387.849 | 386.703 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 29.647 | 3.275 |
| Капитални приходи | 3.3. | 23.730 | 66.970 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 257.568 | 246.320 |
| **Вкупно приходи** | | **698.794** | **703.268** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 52.890 | 50.159 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 1.494 | 1.870 |
| Стоки и  услуги | 3.5.3. | 142.945 | 138.070 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 4.998 | 6.233 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 35.456 | 34.226 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 5.784 | 5.230 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **243.567** | **235.788** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **251.086** | **205.997** |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **18.929** | **20.991** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **513.582** | **462.776** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **185.211** | **240.491** |

**Општина Центар - Сметка на основен Буџет (630)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2016 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 185.211 | 240.491 |
| Побарувања | 4.1.2. | 178.282 | 180.977 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 52 | 43 |
| **Вкупно тековни средства** | | **363.545** | **421.511** |
| | | | |
| **Капитални средства** | | | |
| Аванси за капитални средства | 4.2.1. | 19.011 | 19.011 |
| **Вкупно капитални средства** | | **19.011** | **19.011** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **382.556** | **440.522** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно финансиски обврски | 4.3.1. | 52 | 43 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 382.504 | 440.479 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **382.556** | **440.522** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **382.556** | **440.522** |

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-1095/3
Датум: 07.03.2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
12.03.2018
12-244/6

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Палата „Емануел Чушков"**
**ул. „Јордан Мијалков" П.Фах.249**
**1000 Скопје**

**Предмет: Забелешки на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар сметка на основен буџет (637) и (630)**

По Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар сметка на основен буџет (637) и (630), Општина Центар-Скопје благовремено ги доставува следните забелешки:

**4.1 Усогласеност со закони и прописи**

**4.1.1.** Што се однесува до привремените вработувања, Општината има вработувано лица исклучиво на работни места кои согласно актот за систематизација биле непополнети, заради неможност од пополнување на истите со објавување јавни огласи, согласно Законот за административни службеници, од причина што предвремените парламентарни избори кои во текот на 2016 година во повеќе наврати беа одлагани, беше забрането објавување на јавни огласи за вработување.

Во иднина Општината ќе постапува согласно дадената препорака, и вработувањата ќе се вршат преку објавување на јавни огласи согласно Законот за административните службеници.

**4.1.3.** Во врска со наодот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, сакаме да појасниме дека распределбата на средствата се врши со одлука донесена од страна на Советот, по спроведена постапка и објавен јавен оглас за доделување на овие средства, предвидени во буџетот на Општината и Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

Бидејќи Советот ја врши распределбата на средствата и е во тек со постапката за доделување на финансиските средства, сметавме дека не е потребен дополнителен извештај.

Одлуките за доделување на овие финансиски средства од страна на Советот се објавени во службеното гласило на Општината, кое се објавува на веб страната на Општината.
Во прилог:Олуки за доделени финански средства објавени во Сл.гласник бр.05/16 и 15/16,што укажува на транспарентност на постапката.

Дел од корисниците на овие средства доставуваат извештаи за искористеноста на средствата, но дел од корисниците не доставуваат извештаи и покрај опомените кои ги добиваат од страна на општинската администрација.

**4.1.5.** Што се однесува до финансирањето на КК „Работнички" АД Скопје од страна на Општината, сакаме да Ве запознаеме дека финансирањето на овој клуб Општината континуирано го врши почнувајќи од 2012 година до денес, согласно Законот за локалната самоуправа и Законот за спорт.

За да бидат одобрени финансиските средства на КК „Работнички", пред секое доделување на средствата, клубот до Општината доставува извештаи за реализацијата на претходно доделените средства, во рамки на средствата планирани во Програмата за спорт и Буџетот на Општината.

**4.2 Финансиски извештаи**
4.2.2.По однос на наодот на државниот ревизор за оваа точка напоменуваме дека во ревизорскиот извештај за 2012 година, изградбата на пешачки мост на река Вардар т.н.Мост око била предмет на ревизијата и државниот ревизор има дадено наод и препорака.
По дадената препорака во извештајот на државниот ревизор за 2012 година, Општината има постапено, и по истото нема настанато нови околности до овој момент.

**4.2.5** Наодот на ревизијата по оваа точка е неоснован и нереаленземајќи го предвид фактот што во самиот наод е наведено дека постои Одлука од советот, како и тоа дека е постапено по неа. Во наодот и препораката од ревизијата е наведено дека треба да се земе предвид фактот дека согласно член 36 став 10 ( односно став 1 точка 10) од Законот за локалната самоуправа Советот одлучува за начинот за располагање со сопственоста на општината. Во конкретниот случај се работи за изградба на катна гаража со деловен простор за која како што е наведено и во ревизорскиот извештај е до фаза ископ на земја. Одделението за сметководство и плаќање постапило согласно законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и инвестицијата која до тој момент ја сочинувале проект за изградба и прва времена ситуација за ископ на земјиште соодветно ја евидентирала на сметката Материјални средства во подготовка-Инвестиции во тек- градежни објекти.

Советот на Општина Центар-Скопје врз основа **на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа донел Одлука** за запирање на изградбата на катна гаража со деловен простор бр.08-265/6 од 23.01.2015 година. Со одлуката се запира изградбата на катната гаража со деловен простор и се овластува Градоначалникот да пристапи кон раскинување на договорите за засновање право на долгогодишен закуп на градежно земјиште со закуподавецот Република Македонија- Министерство за транспорт и врски и Договорот за долгорочен девизен кредит. По донесувањето на одлуката, како и по конечноста на раскинувањето на сите договори за наведениот предмет, Одделението за сметководство уредно постапило по наведеното и ја има извадено од сметката Материјални средства во подготовка- Инвестиции во тек- градежни објекти.

Па според горенаведеното може да се констатира дека раскнижувањето од евиденција на инвестиции во тек не е неосновано туку е врз основа на Одлука од совет, која е донесена согласно член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа

Во врска со овој наод би сакале да истакнеме дека по искажувањето на забелешките од страна на ревизијата за овој наод, повеќе пати беше поставено прашањето за тоа каков дополнителен документ би требало да постои според нивните видувања, за што до сега немаме добиено одговор. Ова може да се констатира и по препораката која е дадена, каде што никаде не наведува како требало да се постапи, а се повикува на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа, иако Одлуката од советот е донесена согласно наведениот член од законот. Доколку наодот е основан, препораката би требало да содржи конкретки напатствија како треба да се постапи по наодот, а во овој случај препораката е паушална без конкретни препораки за постапување.

Предлагаме забелешката да се прифати од страна на Државниот завод за ревизија.

**Точка 4.2.7.** Во случај каде општината се јавува како инвеститор на изградба и реконструкција на објекти на градинки и училишта, на крајот на годината ги известува училштата и градинките за видот на инвестиционите зафати и нивната вредност, како би можеле да ги евидентираат истите во нивните деловни книги (зголемување на вредноста на објектот или набавка на опрема и слични). Во конкретниот случај се работи за набавката на опрема која е извршена од страна на општината (се работи за еднократна набавка), меѓутоа опремата е директно доставена до градинката, за што е потпишан и записник за примање на опрема од нивна страна. По доставувањето на опремата, општината има доставено допис до градинката, со кој ги известува за износот на набавката (со прилог копии од фактури), како би можеле опремата да ја евидентираат во нивните деловни книги. Дописот до градинката, како и записникот за прием на опремата потпишан од страна на претставникот на градинката беа доставени до ревизорите. Од ова произлегува дека наодот е неоснован и препораката неприменлива, од причина што

опремата е директно доставена до градинката и општината постапила соодветно, односно ја известила градинката за изност на набавката непосредно по добивањето на фактурите.

Предлагаме забелешката да се прифати од страна на Државниот завод за ревизија.

**Точка 4.2.8.** Согласно забелешката ве известуваме дека во 2017 година вложувањата во изградба и реконструкција на улици се евидентирани согласно испоставените документи-градежни ситуации, а не само за делот на платените.

По однос на забелешката за разграничување на горниот слој на улиците (асфалт и слично), односно утврдување на набавната вредност на истиот, на која вредност треба да се пресметува амортизација, би сакале да истакнеме дека до сега не сме имале забелешка од страна на ДЗР иако многупати претходно вршеле ревизија и ја разгледувале вонбилансната евиденција. Многу локални самоуправи не вршат разграничување на горниот слој на улиците и сметаме дека ова претставува системска слабост и воедно може да се предложи и измена на оваа законска одредба.

Во врска со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, **сметка на основен буџет (630)** за 2016 година и наодите на Државниот завод за ревизија, ги даваме следните забелешки:

**Точка 4.2.4.** Во врска со наодот по оваа точка државниот ревизор нема дадено препорака, но сепак сакме да истакнеме дека Општината постапува согласно чл.20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно доставувани се годишни извештаи за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти,за што во прилог Ви доставуваме извештаи за 2014 и 2015 година, додека за 2016 година беше даден на увид на самат ревизија.

**Точка 4.3.1.** Во наодот што се однесува на извршен отпис на побарувања од купувачи во земјата во вкупен износ од 1.378 илјади денари, направена е грешка и наместо сумата 1.378 илјади денари, треба да стои сума 855.577,00 денари.

Предлагаме Државниот завод за ревизија при изготвување на конечниот извештај да ги земе предвид овие забелешки по наодите на ревизијата.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

Изготвил:
-М.Чановиќ Петровска ________
-Б.Филиповска ________
-М.Ралевска ________
-В.Куноска ________

ЗА ТОЧКА 4.1.3.



Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

Се објавува Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 61-та седница, одржана на 4.8.2016 година, на 29.8.2016 година и на 10.10.2016 година.

Бр. 09-3761/11
12.10.2016 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2016 година на Општина Центар-Скопје, Советот на Општина Центар-Скопје на 61-та седница, одржана на 4.8.2016 година, на 29.8.2016 година и на 10.10.2016 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година што беше објавен во дневниот весник „Дневник“ на 9.6.2016 година.

**Член 2**

Во 2016 година ќе се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на слепи и лица со оштетен вид „Центар“, Скопје
   - 30.000 денари
2. Црвен крст на РМ, ОО Центар, Скопје
   - 40.000 денари
3. Здружение на граѓани „Трифор“, Скопје
   - 150.000 денари
4. Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија „Центар“, Скопје
   - 30.000 денари
5. Здружение на граѓани „Буден Театар“-Центар, Скопје
   - 30.000 денари
6. Здружение за унапредување на културата, спортот и образованието „СОЦИАЛ КИНЕЗИС“, Скопје
   - 45.000 денари
7. Сојуз на борците од народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните поддржувачи ОО Центар, Скопје
   - 60.000 денари

8. Здружение за развивање и дигитализација на образованието и културното наследство „ПРИЈАТЕЛИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО", Скопје
   - 50.000 денари
9. Здружение на граѓани „Артопија", Скопје
   - 65.000 денари

**Член 3**

Оваа Одлука да ја спроведе Секторот за јавни дејности.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3761/10
10.10.2016 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Мирослав Шиповиќ, с.р

ЗА ТОЧКА 4.1.3.



Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје /„Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15/, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

Се објавува Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56-та седница, одржана на 4.4.2016 година.

Бр.09-1820/5
5.4.2016 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р.

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2016 година на Општина Центар-Скопје, Советот на Општина Центар-Скопје на 56-та седница, одржана на 4.4.2016 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година што беше објавен во весникот „Утрински весник“ на 8.3.2016 година.

**Член 2**

Во 2016 година ќе се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на граѓани „Одбор за традиционална прослава на Бадник“ - 70.000 денари.
2. Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничка толеранција „Профицио“, Скопје - 30.000 денари.
3. Здружение на граѓани за младински активизам, екосвест, граѓанска еднаквост и европска иднина „Еквилибрио“, Скопје - 400.000 денари.
4. Здружение на граѓани за поддршка на лица со попреченост „Огледало“ - 800.000 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука да ја спроведе Секторот за јавни дејности.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Број 08-1820/4
4.4.2016 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Мирослав Шиповиќ, с.р.

ТОЧКА 4. 2. 4.

# ОПШТИНА ЦЕНТАР-Скопје

"Михаил Цоков"бб тел++ 389 02 3203 600 факс ++ 389 02 3203 682

**До:**
**Министерство за транспорт и врски**

**ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.**

Почитувани,

Врз основа на член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/1, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/1, 217/15 и 31/16), Општина Центар - Скопје Ви го доставува годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година.

Прилог:
- Годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти од Општина Центар - Скопје.

**Бр. 19- 4728/1**
**27.9. 2016 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Сектор за финансиски прашања**

**Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година**

| Приходи | Средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година | 21.689.946,00 ден. |
|---|---|---|
| 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 21.689.946,00 ден. |

| Расходи | Расходи финансирани од средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година. | 21.689.946,00 ден. |
|---|---|---|
| | **Урбанистичко планирање** | **779.753,00 ден.** |
| | **Договорни услуги** | **779.753,00 ден.** |
| 1 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 779.753,00 ден. |
| | **Уредување на градежно земјиште** | **20.910.193,00 ден.** |
| | **Други градежни објекти** | **20.910.193,00 ден.** |
| 2 | Изградба на улици | 12.891.831,00 ден. |
| 3 | Реконструкција на улици | 8.018.362,00 ден. |

ТОЧКА 4.2.4.

# ОПШТИНА ЦЕНТАР-Скопје

"Михаил Цоков"бб тел++ 389 02 3203 600 факс ++ 389 02 3203 682

До:
**Министерство за транспорт и врски**
**Улица "Црвена Скопска Општина" број 4**
**1000 Скопје,**
**Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.**

Почитувани,

Врз основа на член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/1, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/), Општина Центар - Скопје Ви го доставува годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2014 година.

Прилог:
- Годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти од Општина Центар - Скопје.

**Бр. 19-** 7209/1
18.12.**2015 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Сектор за финансиски прашања**

**Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2014 година**

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи** | **Средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2013 година** | **26.058.062,00 ден.** |
| 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 26.058.062,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **Расходи** | **Расходи финансирани од средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно** | **26.058.062,00 ден.** |
| | **Урбанистичко планирање** | **600.062,00 ден.** |
| | **Договорни услуги** | **600.062,00 ден.** |
| 1 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 600.062,00 ден. |
| | **Уредување на градежно земјиште** | **25.458.000,00 ден.** |
| | **Други градежни објекти** | **25.458.000,00 ден.** |
| 2 | Изградба на улици, патишта и автопати | 13.878.000,00 ден. |
| 3 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 11.580.000,00 ден. |

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 12.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар бр. 09-1095/3 од 07.03.2018 година, од одговорното лице Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-244/6 од 12.03.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.**, која се однесува на изготвувањето и доставувањето на Годишен извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), **претставува известување** за преземените активности од страна на општината. Во текот на ревизијата надлежните од општината до Министерството за транспорт и врски имаат доставено извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, кое е констатирано и во Нацрт извештајот, поради што ревизијата нема дадено препорака.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.**, која се однесува на извршениот отпис на побарувања од купувачите во вкупен износ од 1.378 илјади денари без да биде донесена Одлука од Советот на општината, **претставува известување** за направена техничка грешка при утврдување на износот на отпис на побарувањата евидентирани во базата со побарувањата по попис, со што утврдено е дека е извршен отпис на побарувања во износ од 856 илјади денари. Наведената состојба е корегирана во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.**, која се однесува на ангажирањето на лица како привремени вработувања, од кои некои континуирано во текот на повеќе години, **претставува известување** за причините поради кои не се пополнети работните места согласно актот за систематизација. Начинот на постапување е поради неможност од пополнување на систематизираните работни места со објавување на јавни огласи согласно Законот за административни службеници, од причина што предвремените парламентарни избори во текот на 2016 година во повеќе наврати биле одлагани, што не ја оспорува констатираната состојба дека не се испочитувани одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања. Општината известува дека во иднина ќе постапува согласно дадената препорака и вработувањата ќе ги врши преку објавување на јавни огласи согласно Законот за административни службеници.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3.**, која се однесува на финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, **не се прифаќа**, поради тоа што доставениот доказ ревизијата го имаше во предвид при утврдување на наведената состојба. Имено, во забелешката е наведено дека општината распределбата на средствата ја врши со Одлука донесена од страна на Советот по спроведена постапка и објавен јавен оглас, што не ја оспорува констатираната состојба дека не се испочитувани одредбите од член 49 од Закон за здруженија и фондации.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.5.**, која се однесува на финансирањето на КК “Работнички” АД Скопје, **не се прифаќа**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Имено, во забелешката е наведено дека финансирањето на овој клуб општината континуирано го врши почнувајќи од 2012 година па се до денес, како и дека пред секое доделување на средства клубот доставува извештаи за реализација на претходно доделените средства. Со забелешките не е доставен доказ ниту на ревизијата и беше презентиран за време на ревизијата дека е усвоен финансикиот извештај за работењето на кошаркарскиот клуб за 2016 година.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.**, која се однесува на тоа дека на сметката Аванси за капитални средства евидентирано е побарување во износ од 8.774 илјади денари кое потекнува од 2012 година и за кое е поднесена тужба од Општина Центар до Основен суд Скопје 2 Скопје од 29.07.2013 година и е донесена Пресуда од 23.03.2017 година на Основен суд

Скопје 2 Скопје со која тужбата е одбиена како неоснована, со право на поднесување жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје **не се прифаќа**, поради тоа што во 2017 година настанати се нови околности со донесувањето на пресудата и фактот дека по истата од страна на надлежните од општината понатаму не се преземени активности, односно не е поднесена жалба. Од страна на градоначалникот на Општина Центар донесена е Службена белешка од 02.05.2017 година, според која надлежните сметаат дека не постојат елементи со кои би се оспорила донесената пресуда. Истото е поради тоа што од страна на општината во периодот јануари 2013 година не е поднесена пријава за побарување до Спогодбениот совет на Р. Хрватска, бидејќи со Решение на истиот од 28.01.2013 година над тужениот правен субјект била отворена предстечајна постапка, која била во тек. Според членот 70 став 2 од Законот за финансиско работење и предстечајна спогодба на Р. Хрватска, било пропишано дека за време на траење на постапката на предстечајна спогодба не е дозволено покренување на парнични, општи и постапки на осигурување, заради подмирување или осигурување на побарувања кои настанале до отворањето на постапката за предстечајна спогодба. Надлежните од општината наведеното не го имале предвид поради што и не било пријавено ова побарување во постапката за предстечајна спогодба.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.,** која се однесува на извршениот отпис на вложувањата во материјални средства во подготовка во износ од 4.320 илјади денари како инвестиции во тек за Катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бб, таканаречена Катна гаража “Нова Македонија“, без одлука од Советот на општината, **не се прифаќа** поради тоа што согласно одредбите од членот 36 став 10 од Законот за локалната самоуправа, надлежност на Советот е да одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината. Советот на општината има донесено само Одлука за запирање на изградбата на катната гаража со деловен простор бр. 08-265/6 од 23.01.2015 година, но не и Одлука за бришење од евиденција на дотогаш извршените вложувања кои се состојат од вложувања во Идеен и Основен проект на износ од 2.209 илјади денари, 47 илјади денари за ревизија на Основниот проект и 2.064 за извршени градежни (земјени) работи.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.7.,** која се однесува дека во случаите каде општината се јавува како инвеститор на изградба или реконструкција на објекти на градинки, училишта и слично, не се врши евидентирање на вложувањата во опрема, туку само на градежните објекти, на сметката Материјални средства во подготовка, **претставува известување** за тоа на кој начин се врши комуникацијата, односно предавањето на опремата на субјектите за кои е извршена набавката, но не и за тоа дека истата претходно се

евидентира на сметката Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки од сметковниот план за буџетските корисници каде во членот 5 е наведено дека на сметката Материјални средства во подготовка, се евидентираат: инвестиции во тек – градежни објекти, други материјални средства, опрема и друго.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.8.**, која се однесува на тоа дека во вонбилансната евиденција се евидентира само делот на платените обврски кои произлегуваат од пооделни градежни ситуации и фактури, а не вкупната вредност содржана во истите и за тоа дека не е извршено разграниченување на горниот слој (асфалт и слично), односно не евидентирањето посебно на набавната вредност на истиот и не пресметувањето амортизација, **претставува известување** дека надлежните во Општина Центар во 2017 година ја евидентираат вкупната вредност содржана во пооделни градежни ситуации и фактури, а не само делот кој е платен. Во врска со разграниченување на горниот слој (асфалт и слично) на локалните улици и не пресметувањето на амортизација на истиот, надлежните од општината сметаат дека многу од општините не вршат разграничување на горниот слој на улиците и дека тоа претставува системска слабост.